Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-231/4
Датум: 28-04-2023

Постапувајќи по претставката со бр. 08-231/1 од 16.03.2023 поднесена од со живеалиште на Берово, против ООУ Дедо Иљо Малешевски - Берово, со седиште на ул. Маршал Тито бр. 65, Берово, за извршена дискриминација врз нејзината ќерка врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група и социјално потекло во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 28.04.2023 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група и социјално потекло од страна на ООУ Дедо Иљо Малешевски Берово врз во областа на образованието.

## Образложение

На 16.03.2023 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на за сторена дискриминација врз нејзината ќерка , врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група и социјално потекло во областа на образованието од страна на ООУ Дедо Иљо Малешевски – Берово.

Во претставката подносителката наведува дека нејзината ќерка подолго време се жали на недоразбирања и конфликтни ситуации во училиштето од нејзините соученици. Имено, подносителката, согласно наводите во претставката, во разговор со својата ќерка била информирана дека група ученици ја бркале низ училниците во училиштето, ја затвораат во тоалетите и ја кубат за косата, а тоа го прават и надвор од училиштето. Подносителката се обидела да разговара со родителите на децата и самите деца, кои, согласно нејзините тврдења вршеле врсничко насилство врз нејзината ќерка, но при таквиот обид наишла на недоразбирање и негирање на обвинувањата. Наредниот ден после обидот за разговор, подносителката тврди дека нејзината ќерка добивала закани, кои ги пријавила кај одделенската наставничка, која ја информирала дека случајот е пријавен, но согласно наводите на подносителката, случајот не бил никаде пријавен. На подносителката ги информирала педагогот и психологот на училиштето за целата ситуација, а тие земале обврска да поразговараат со сите чинители во случајот и да направат разврска. Подносителката заради сериозноста на случајот, истиот го пријавила и во Центарот за социјални работи, од каде ѝ било кажано дека законски прво треба да се информира

школската служба за решавање на случајот, па доколку процени дека е потребно, службата може да го вклучи и Центарот во решавање на случајот. На крај од претставката, подносителката наведува дека соученичките на равиле видео клип на социјалната мрежа TikTok, во кој, преку слики и анимации ѝ се заканувале на Амела.

Врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата, на 21.03.2023 ја достави претставката на произнесување до потенцијалниот дискриминатор, со барање за одговор на следниве прашања:

- Какви мерки и активности презело ОУ Дедо Иљо Малешевски – Берово по пријавените инциденти од страна на
- Дали биле повикани на советување родителите на учениците кои биле пријавени за вршење насилство врз ученичката од страна на нејзината мајка, согласно чл. 76, 77 и 78 од Законот за основно образование?;
- Дали пријавените инциденти од училиштето ги пријавило во МЦСР и/или МВР?

На 04.04.2023 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на ООУ Дедо Иљо Малешевски – Берово, беше доставен поднесок за произнесување по предметната претставка.

Во поднесокот за произнесување училиштето потврдува дека на подносителката се обратила до училишниот психолог, пријавувајќи дека три ученички од деление и една ученичка од деление психички ја вознемирувале нејзината ќерка. Воедно, во поднесокот се наведува дека подносителката го известила училиштето дека се обидела да оствари средба со родителите на наведените ученички со цел да се реши проблемот, но не наишла на соработка. Ова, согласно наводите од поднесокот за произнесување, е единствениот состанок кој училиштето го имало со подносителката во врска со наведениот проблем, до моментот на иницирање на постапката пред Комисијата. Училиштето во поднесокот за произнесување наведува дека веднаш по состанокот со подносителката бил одржан состанок со одделенските наставници на ќерката на подносителката и на четирите пријавени ученички. На состанокот е утврдено дека во паралелката на секогаш има присутен наставник од доаѓањето во училиштето до напуштање на истото, согласно начинот на изведување на одделенската настава, па согласно тоа исклучена е можноста за доаѓање на ученици од други паралелки во училницата каде посетува настава. Дополнително, училиштето наведува дека истиот ден е разговарано со две од пријавените ученички, а на е разговарано со останатите две од пријавените ученички. На сите четири ученички, кои се со примерно поведение, им било посочено да го подобрат однесувањето и контактите со Во поднесокот училиштето наведува дека истиот ден кога е доставена претставката од страна на Комисијата, на разговор со психологот била повикана која негирала

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk

секаков вид на физичко насилство врз неа, но потврдува дека имало озборувања, дофрлања и погрдни зборови од соученичките, кои завршиле откако биле повикани на разговор со психологот и истите не се повториле. Училиштето не било известено за видеото на социјалната мрежа TikTok, но согласно информациите добиени од истото било избришано. Училиштето информира дека на одржан состанок со подносителката на кој таа истакнала дека од првото пријавување на случајот и разговорот на психологот со пријавените ученички, не се повторило никакво недолично однесување кон нејзината ќерка. Исто така, таа на состанокот со училиштето, согласно наводите од поднесокот, негирала дека нејзината ќерка била дискриминирана од страна на училиштето или некој вработен во училиштето. На крајот од поднесокот за произнесување, училиштето информира дека случајот не е пријавен во МВР бидејќи ситуацијата се решила во училиштето.

Ценејќи ги наводите од претставката и наводите од поднесокот за произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека подносителката не сторила веројатно дека нејзината ќерка била дискриминирана од страна на ООУ Дедо Ињо Малешевски, врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група и социјално потекло во областа на образованието.

За да се стори веројатно тврдењето за извршена дискриминација, и за да премине товарот на докажување од подносителката на претставката на претпоствениот дискриминатор, во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, првата мора да презентира факти со кои ќе направи веројатно дека дискриминацијата би можела да биде извршена, односно од кои јасно може да се претпостави за веројатно дека токму дискриминаторската основа е таа околност што довела до понеповолно постапување или ефект од постапувањето, за разлика од другите. Исто, подносителката мора да го направи веројатно постоењето на каузална врска помеѓу понеповолно постапување или ефектот од постапувањето и настанатата повреда или штета. Фактот што едно лице има определена заштитна карактеристика, не е доволно за да премине товарот на докажувањето. Покрај постоењето на дискриминаторска основа, односно заштитна карактеристика, за да се воспостави презумција на дискриминација потребно е да се изведе уште некој друг факт или доказ кој ќе укаже на употребата на заштитната карактеристика како критериум за разликување на конкретното лице.

Во конкретниот случај подносителката го наведува ООУ Дедо Ињо Малешевски како потенцијален дискриминатор, но не наведува кое е неповолното однесување на училиштето, со кое е направена некаква повреда или штета врз нејзината ќерка, ниту пак наведува како потенцијалниот нееднаков третман е направен врз основа на заштитна карактеристика. Подносителката во претставката не наведува компаратор, односно не дава споредлива иста или слична ситуација од која може да се види дека училиштето постапило различно, со што би ги потврдила наводите за различен

третман на училиштето кон нејзината ќерка врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група и социјално потекло во областа на образованието.

Од поднесокот за произнесување на училиштето може да се заклучи дека училиштето ги презело сите неопходни мерки за решавање на пријавеното врсничко вознемирување и насилство. Комисијата цени дека со преземените мерки, училиштето ѝ ја пружило потребната заштита на ќерката на подносителката, а со тоа не извршило повреда на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во смисла на исполнување на елементите од дефиницијата за дискриминација.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *„дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето и не утврди дискриминација врз основа на етничка припадност, припадност на маргинализирана група и социјално потекло од страна на ООУ Дедо Иљо Малешевски врз областа на образованието.

Скопје
28.04.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- , Берово
- ООУ Дедо Иљо Малешевски, со адреса на ул. „Маршал Тито“ бр. 65, Берово

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk